# Новата боја на парите

*Посигурни. Попаметни. Побезбедни.*

www.moneyfactory.com/newmoney







Владата на Соединетите Американски Држави продолжува со планот за пуштање во промет банкноти со подобрен дизајн и безбедносни карактеристики. Владата го промовираше новиот дизајн на банкнотата од 20 долари во 2003 година и ќе продолжи со останатите деноминации. Новата банкнота од 50 долари ќе биде пуштена во промет во втората половина од 2004 година, по што ќе следи промоција и на новата банкнота од 100 долари.

Банкнотата со новиот дизајн е посигурна, попаметна и побезбедна:
Посигурна, затоа што потешко се фалсификува и полесно се проверува;
Попаметна, затоа што е чекор понапред од фалсификаторите кои брзо ги совладуваат новите технологии; и
Побезбедна, затоа што го заштитува интегритетот на американската валута.

Највпечатливата разлика кај новиот дизајн е суптилно обоената основа, што им ја отежнува работата на потенцијалните фалсификатори, бидејќи ја прави банкнотата покомплексна. Освен тоа, со додавањето на бојата полесно ќе се прави разлика меѓу различните деноминации, затоа што секоја деноминација ќе има различно обоена основа.

И покрај додавањето на боја, новата банкнота ги задржува карактеристичните димензии, изгледот и чувството на допир на традиционалната американска валута - најпознатата и најкористената валута на светот.

Банкнотата од 50 долари е втора банкнота што се пушта во промет од Серијата 2004 дизајни, која не само што има суптилно обоена основа, туку ги истакнува и историските симболи на САД. Новата банкнота од 20 долари беше пуштена во промет во 2003 година со зелена, плава и боја на праска, како и слики од американски орли. Новата банкнота од 50 долари, која ќе биде пуштена во промет во втората половина од 2004 година има суптилно обоена основа со сина и црвена боја, како и слика од развеано американско знаме и ѕвезда со метална сребрено-сина боја. Подоцна ќе следува и новата банкнота од 100 долари. Сеуште се размислува за дизајнот на новите банкноти од 5 и 10 долари, додека редизајнирање на банкнотите од 1 и од 2 долари не се предвидува.

Федералниот резервен систем на САД и Министерството за финансии се решени да продолжат со постојано усовршување на дизајнот на валутата со цел да ги заштитат економијата и вашите тешко заработени пари. За да се постигне ова, очекуваме да се воведуваат нови дизајни на банкнотите на секои 7 до 10 години.

**Непречена транзиција**

Иако изгледот на валутата ќе претрпи извесни суптилни промени, сите банкноти - и старите, и новите - во целост си ја задржуваат својата номинална вредност. Ниедна американска банкнота нема да претрпи повлекување или девалвација. Во Соединетите Американски Држави никогаш немало девалвација на валутата, па тоа нема да се случи ни овој пат. Со пуштањето во промет на новите банкноти, Федералниот резервен систем ќе ги повлекува старите банкноти од оптек, како што тие ќе се враќаат преку банкарскиот систем. Ова значи дека не постои временски рок, ниту пак услов за замена на претходна серија со нова.

За повеќе информации во врска со новите дизајни на банкнотите, посетете ја страницата www.moneyfactory.com/newmoney

**Сигурносни карактеристики**

Дизајнот на новата банкнота од 50 долари ги задржува најважните сигурносни карактеристики што за првпат беа воведени во деведесеттите години, кои лесно

се проверуваат: водениот печат, сигурносниот конец и мастилото што менува боја.

*Сигурносен конец*
Свртете ја банкнотата кон изворот на светлина и побарајте го сигурносниот конец, или пластичната лента, што се вткаени во хартијата и се протегаат вертикално десно од портретот. Ако погледнете повнимателно, долж конецот од двете страни на банкнотата се гледаат зборовите "USA 50" и едно малечко знаме. Под ултравиолетови зраци, конецот свети со жолта боја.

*Мастилото што менува боја*
Погледнете го бројот "50" во долниот десен агол на предната страна на банкнотата. Кога ќе ја накривите банкнотата нагоре и надолу, мастилото што менува боја од бакарно станува зелено, и обратно.

*Воден печат*
Држете ја банкнотата спроти извор на светлина и побарајте го водениот печат, односно блед одраз, сличен на големиот портрет на претседателот Улисес С. Грант. Водениот печат е дел од самата хартија и е видлив од двете страни на банкнотата.

**Нови карактеристики**

*Боја*
Највпечатливата разлика кај новиот дизајн на банкнотата е додавањето суптилна сина и црвена боја на основата од двете страни на банкнотата. Исто така, на основата на задната страна на банкнотата се испечатени малечки жолти 50-ки.

*Симболи на слободата*
На предната страна на банкнотата од 50 долари се дизајнирани нови симболи на слободата, кои претставуваат слики на американското знаме. Традиционалните ѕвезди и линии на знамето на САД се испечатени со сина и црвена боја во позадината на портретот на претседателот Грант. Лево од портретот се лоцирани повеќе сини ѕвезди, а десно од портретот се наоѓаат три црвени ленти. На долната десна страна од портретот се наоѓа мала ѕвезда со метална сребрено-сина боја. Симболите на слободата ќе бидат различни за секоја деноминација.

*Портрет и вињета*
Заоблената рамка и тенките линии околу портретот на претседателот Улисес С. Грант на предната страна, и вињетата на Конгресот на САД на задната страна на банкнотата, се отстранети. Портретот е поместен нагоре, а рамениците се проширени до рамката. Дополнителни изгравирани детали се додадени во позадината на вињетата.

**Други карактеристики**

Покрај овие три примарни сигурносни карактеристики, новата банкнота од 50 долари, исто така, има задржано и неколку други постоечки карактеристики во дизајнот.

*Микропечат*
Микропечатените букви тешко се копираат затоа што се многу ситни. На предната страна на редизајнираната банкнота од 50 долари микропечатот се среќава на три места: зборовите "FIFTY", "USA" и "50" може да се забележат на две од сините ѕвезди кои се наоѓаат лево од портретот; зборот "FIFTY" може да се најде испечатен повеќе пати на двете странични граници на банкнотата; и зборовите "THE UNITED STATES OF AMERICA" се појавуваат на јаката на претседателот Грант, под неговата брада.

*Видливост*
Бројот "50", напишан со крупни цифри во долниот десен агол на задната страна на банкнотата, лесно се чита.

*Хартија*
Хартијата од која е изработена банкнотата се состои од една четвртина лен и три четвртини памук и содржи црвени и сини влакна.

*Индикатори на Федералниот резервен систем на САД*
Универзалниот печат лево од портретот го претставува целокупниот Федерален Резервен Систем на САД. Со буквата и со бројот под серискиот број од левата страна се одбележува Федералната банка што ја пуштила во оптек банкнотата.

*Сериски броеви*
Единствената комбинација од единаесет цифри и букви се јавува двапати на предната страна на банкнотата. На новата банкнота од 50 долари, споредено со претходните дизајни, серискиот број кој се наоѓа на левата страна е поместен малку во десно.

**Џебен прирачник**

И старите и новите банкноти и натаму ќе бидат легална валута со својата номинална вредност. Во Соединетите Американски Држави никогаш немало девалвација на валутата, па тоа нема да се случи ни овој пат.

Следуваат слики на сите три банкноти од 50 долари кои сеуште се во оптек денес.

Банкноти од пред 1996 година.
Серија банкноти од 1996 година.
Серија банкноти од 2004 година.